Број на Службен весник:155/2012
Датум на објава на Службен весник:10.12.2012
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 51 став 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07, 18/11, 148/11 и 95/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ЗА НЕЗЕМЈОДЕЛСКИ ЦЕЛИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката, формата и содржината на образецот на барањето за издање на позитивно мислење за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини и потребната документација.

## Член 2

Барањето за издавање на позитивно мислење за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ги содржи следните податоци:

1. Назив на органот кој ја спроведува постапката за давање на согласност за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели;

2. Назив на образецот;

3. Податоци за подносителот на барањето;

4. Податоци за земјиштето за кое се бара користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели:

- катастарска општина,
- катастарска парцела,
- викано место,
- катастарска култура,
- катастарска класа,
- површина (метри квадратни) и
- имотен лист,

5. Датум и место на поднесување на барањето; и

6. Потпис/печат на барателот.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Кон барањето од член 2 на овој правилник се приложува следната документација:

1. За барање за детални геолошки истражувања се доставува:

- топографска карта за локалитетот на деталните геолошки истражувања, во размер

1:25000 и

- геодетски елаборат за катастарските парцели кои влегуваат во локалитетот или список со катастарски индикации.

2. За барање за експлоатација на минерални суровини се доставува:

- договор за детални геолошки истражувања и

- геодетски елаборат за посебни намени за земјиштето во експлотационото поле со нумерички податоци за катастарските парцели кои влегуваат во експлотационото поле.

Доколку нема склучен договор за детални геолошки истражувања и геодетски елаборат за посебни за земјиштето во експлотационото поле со нумерички податоци за катастарските парцели кои влегуваат во експлотационото поле кон барањето за издавање на позитивно мислење за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели за експлоатација на минерални суровини се доставува список со катастарски индикации за сопственоста на земјиштето.

## Член 4

По барањето од член 2 на овој правилник и доставената документација во рок од десет дена сметано од денот на поднесувањето се врши теренски увид на лице место на земјоделското земјиште за кое се бара користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели.

Врз основа на теренскиот увид на лице место се утврдува оправданоста за давање на позитивно мислење за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели и се изготвува записник за констатираната состојба во присуство на барателот.

Врз основа на барањето за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели, потребаната документација и записникот од став 2 на овој член се издава решение за позитивно мислење за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели, односно решение за одбивање на барањето.

## Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за постапката за времена пренамена на земјоделското земјиште, формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација („Службен весник на Република Македонија” бр. 94/11 и 143/11).

## Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр.22-10206 | Министер за земјоделство, |
| 3 декември 2012 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | Љупчо Димовски, с.р. |

**Прилог**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
Сектор за регистрирање и управување
со земјоделско земјиште

**БАРАЊЕ**
**за издавање на позитивно мислење за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели**

1.Податоци за подносителот на барањето

Назив на барателот ________________________________
Седиште на барателот ________________________________
Контакт телефон ________________________________

2.Врз основа на член 51 став 2 од Законот за земјоделското земјиште, се поднесува барањето за издавање на решение за позитивно мислење за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели ___________________ (детални геолошки истражувања/експлоатација на минерални суровини) од субјектот __________________ со седиште ___________________, контакт телефон ___________, на локалитет ___________, за земјоделското земјиште кое се наоѓа во КО_____________, КПбр._______, место викано _____________, катастарска култура____________, катастарска класа_________, површина _____________ (метри квадратни), запишана на Имотен лист бр.________, издаден од страна на ___________ под бр. _________ од ________ година.

**Датум и место**

______________

**Подносител на барање**

______________________

**(потпис и печат)**